РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 20-3326/1
15. 07. 2019 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Одбор за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата

ДО: КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ПРЕДМЕТ** : Укажување до медијаторите членови на КМРСМ

Почитувани,

Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, по анализирањето на податоците доставени со Евалуативните листи од страна на медијаторите, за нивната работа за 2017 и 2018 година, констатира дека бројот на предмети за работа што го пријавија медијаторите не соодветствува со бројот на предмети пријавени во Регистарот за евиденција на постапки на медијација при Министерството за Правда.

Земајќи во предвид дека законската одредба од член 21 став 2 од Законот за медијација што се однесува на оваа работа, ги обврзува медијаторите да ги пријавуваат за упис само предметите во кои е постигната спогодба пред поведување на судска постапка, се доаѓа до заклучок дека според сегашниот Закон за медијација, ваквата состојба ќе продолжи и понатаму, па нема да може да се утврди вистинската состојба од примена на медијацијата во државата и нема да може да се дојде до прецизни податоци за точен број на спорови кои се решавани во постапки на медијација каде посредувале лиценцираните медијатори.

Со цел за надминување на сегашната состојба, како и заради обезбедување релевантни податоци од кои може со сигурност да се утврди колку спорови се решаваат со посредство на медијаторите и колку всушност се користи медијација како алтернативен начин на решавање на споровите надвор од судовите, потребно е и би било корисно, медијаторите кои се запишани во Именикот на медијатори при

Комората, да ги пријавуваат сите предмети кои им се доставени во работа на барање на заинтересирани странки.

Впрочем, обврската за пријавување предмети за медијаторите произлегува и од член 36 став 1 точка 12 од Статутот на Комората, каде е предвидено дека „Медијаторот има обврска, да го пријави предметот во Регистарот за евиденција на постапките за медијација во Министерството за правда, секое започнување на постапката за медијација, секое завршување на постапката за медијација, вид и вредност на спорот, најдоцна во рок од 30 дена по завршување на предметот, согласно Законот за медијација."

Одборот, смета дека со примена на ова укажување од страна на медијаторите, ќе се придонесе кон објективно и вистинито евидентирање на податоци за медијацијата, кои ќе послужат како показател за утврдување понатамошни активности и мерки со цел за подобрување на примената на медијацијата и нејзина поголема популаризација.

Предвид погоре наведеното, Ве молиме, укажувањето да го доставите до сите медијатори запишани во Именикот на медијатори кој го води Комората на медијатрои на РСМ , со цел истото да може веднаш да почнат да го применуваат.

Со почит,

Одбор за обезбедување, следење

и оценување на квалитетот на работите на медијацијата

Претседател,

Проф. д-р Марко Андонов